Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 01-631/1
10.12. 2021 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), Градоначалникот на Општина Градско, на ден 10.12.2021 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Градско

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Градско бр. 09-135/1 од 31.03.2021 година во глава **IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГРАДСКО** во точка 1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности, работното место – под реден број 7 се менува и гласи:

| **1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности** | |
|---|---|
| **Реден број** | 7 |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за заштита и спасување и управување со кризи |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Одбрана |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и навремено извршување на најсложени работи и работни задачи од делокруг на одделението во врска со намалување и спречување на ризиците за настанување кризна состојба на подрачјето на Општината. |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, одбраната, заштитата и спасувањето и управувањето со кризи;<br>- подготвува годишната акциона програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки за реализирање на националната стратегија за заштита и спасување;<br>- го подготвува планот за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи на подрачјето на општината и пред неговото донесување од страна на Советот на општината, го доставува на мислење до Дирекцијата за заштита и спасување;<br>- изготвува проценка на загрозеност од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи;<br>- дава предлог за утврдување на обврските на јавните |

| | |
|---|---|
| | претпријатија, установи и служби основани од општината заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи;<br>- предлага мерки и активности за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи;<br>- дава предлози и врши работи поврзани со формирањето и подготвеноста на силите за заштита и спасување и дава предлози за нивно ангажирање, за ангажирање на просторните сили за заштита и спасување;<br>- го следи остварувањето на акциите за расчистување на патишта, улици и други инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи;<br>- учествува во работата на Општинскиот штаб за заштита и спасување;<br>- учествува во изготвувањето на актите и стратешките документи согласно со Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарството и Законот за управување со кризи. |

**Член 2**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Градско влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Градоначалник
на Општина Градско

Киро Нацков